# Службен гласник на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 6
10 јуни 2020 година

Година LVII


С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
| --- | --- | --- |
| 219. | Решение за објавување на Одлука за давање позитивно мислење за формирање на нова паралелка во ООУ „Димитар Влахов“-Штип во учебната 2020/2021 година | 255 |
| 220. | Одлука за давање позитивно мислење за формирање на нова паралелка во ООУ „Димитар Влахов“-Штип во учебната 2020/2021 година | 255 |
| 221. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за набавка на црево за водоснабдување на село Никоман | 256 |
| 222. | Одлука за одобрување финансиски средства за набавка на црево за водоснабдување на село Никоман | 256 |
| 223. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип | 257 |

| | | |
|---|---|---|
| 224. | Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип | 258 |
| 225. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2020 година | 258 |
| 226. | Програма за дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2020 година | 259 |
| 227. | Решение за објавување на Заклучоци од 34 седница во врска со спроведување на мерките и активностите за сузбивање на пандемијата предизвикана од Ковид 19 | 260 |
| 228. | Заклучоци од 34 седница во врска со спроведување на мерките и активностите за сузбивање на пандемијата предизвикана од Ковид 19 | 261 |

219.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НОВА ПАРАЛЕЛКА ВО ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“-ШТИП
ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање позитивно мислење за формирање на нова паралелка во ООУ „Димитар Влахов“-Штип во учебната 2020/2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2704/2 Општина Штип
10 јуни 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

220.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА
НОВА ПАРАЛЕЛКА ВО ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“-ШТИП
ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Член 1

Се дава позитивно мислење за формирање на нова паралелка во шесто одделение во ООУ „Димитар Влахов“-Штип во учебната 2020/2021 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2704/1 Совет на Општина Штип

10 јуни 2020 година Претседател

Ш т и п Јане Миланов, с. р.

221.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАБАВКА НА ЦРЕВО
ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛО НИКОМАН

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за набавка на црево за водоснабдување на село Никоман.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2705/2 Општина Штип

10 јуни 2020 година Градоначалник

Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

222.

Врз основа на член 21 став 1 точка 25 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАБАВКА НА
ЦРЕВО ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛО НИКОМАН

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина не повеќе од 40.000,00 денари (четириесет илјади денари) за набавка на 800 метри полиетиленско

водоводно црево со Ф=1 цол заради подобрување на снабдувањето со вода за пиење на жителите и добитокот во село Никоман МЗ Шашаварлија.

Член 2

Се задолжува ЈП „Исар“ да ја спроведе набавката на стоката од член 1 на оваа Одлука и цревото да го предаде на жителите на селото Никоман.

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2020 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2705/1<br>10 јуни 2020 година<br>Ш т и п

Совет на Општина Штип<br>Претседател<br>Јане Миланов, с. р.

223.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2706/2<br>10 јуни 2020 година<br>Ш т и п

Општина Штип<br>Градоначалник<br>Благој Бочварски, с. р.

224.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и 275/19), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ број 193/16 и 72/18) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2020 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/19, 02/20 и 04/20) се дополнува и тоа:

**Во делот 7.2 Работи поврзани со уредување на градежно земјиште и реконструкција на улици се додава нова подточка**

7.2.8 Уредување на градежно земјиште на повеќе локации на територијата на Општина Штип за поставување на урбана опрема, согласно важечките детални урбанистички планови.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува до донесување на Програма за 2021 година.

Број 08-2706/1 | Совет на Општина Штип
10 јуни 2020 година | Претседател
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

225.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2020 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2020 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2707/2 Општина Штип
10 јуни 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

226.

Врз основа на член 99 став 1 алинеја 1 од Законот за градежно земјиште, („Службен весник на РМ“ број 15/2015, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ
СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2020 година, („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/19) во глава 2 „**Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата**“ **Градежни парцели што ќе бидат на располагање**, се дополнува со нова точка

45.

| | |
|---|---|
|  | **АУП: за формирање на градежни парцели: ГП.16.18.8.1, ГП.16.18.8.2, ГП.16.18.8.3, ГП.16.18.8.4 со намена Д3-спорт и рекреација од ДУП за СРЦ Суитлак, дел од УЕ.16 и дел од УЕ.18, КО Штип.**<br>**Решение:09-3249/3 од 04.07.2019 година.**<br>**ГП. 16.18.8.1**<br>**Површина на градежна парцела:33.137,45 м2**<br>**Намена на градба: Д3-спорт и рекреација-игралишта** |

Член 2

Почетната цена на градежната парцела од член 1 на оваа Програма ќе се утврдува во согласност со Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за оттуѓување и давање под закуп како и за засновање на правото на стварна службеност, која е на сила на денот на донесувањето на Објавата за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање во Општина Штип.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2707/1
10 јуни 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

227.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИ ОД 34 СЕДНИЦА

ВО ВРСКА СО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ
ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ПРЕДИЗВИКАНА
ОД КОВИД 19

I

Се објавуваат Заклучоците од 34 седница во врска со спроведување на мерките и активностите за сузбивање на пандемијата предизвикана од Ковид 19.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2708/2 Општина Штип
10 јуни 2020 година Градоначалник
Штип Благој Бочварски, с. р.

228.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

ЗАКЛУЧОЦИ ОД 34 СЕДНИЦА
ВО ВРСКА СО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ
ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ПАНДЕМИЈАТА ПРЕДИЗВИКАНА
ОД КОВИД 19

I

- Да се зголеми контролата на примената на мерките кои произлегуваат од уредбите на Вадата на Р. С. Македонија, а се однесуваат на организираниот превоз, поточно контрола на автобускиот превоз на работниците до и од текстилните фабрики, преку институциите на локалната самоуправа кои имаат ингеренции во однос на ова прашање;
- Сите јавни личности, без оглед на својата политичка определеност, вклучувајќи ги и советниците во Советот на Општина Штип, доследно почитувајќи ги мерките за лична заштита (носење на заштита маска, често миење на рацете, држење на дистанца од 2м) преку личен пример да покажат како еден совесен граѓанин треба да се однесува со цел заштита на личното и колективното здравје. Воедно во своите јавни настапи

постојано да ја потенцираат опасноста од вирусот и неопходноста од почитување на мерките за заштита;

- ОШ за заштита и спасување да изготви протокол според кој би се одвивал процесот на венчавки и склучување на граѓански бракови. Ваквиот протокол би бил во насока на заштита на сите лица кои учествуваат во тој процес и сметаме дека е од исклучителна важност и при еден ваков свечен чин максимално да се испочитуваат сите можни превентивни мерки за заштита од вирусот;
- Активно вклучување на сите советници секаде каде тоа е можно и потребно во спроведување на активности за сузбивање на пандемијата;
- Советот изразува благодарност до сите институции, правни и физички лица кои во оваа битка со Корона вирусот се во првите борбени линии. За несебичното залагање и пожртвуваност од страна на здравствените работници, на припадниците на ТППЕ, на јавните претпријатија, полицијата, на општествено одговорните фирми, како и на бројните волонтери кои активно и доброволно се вклучија во сите активности за поуспешно справување со оваа ситуација, Советот на општината покрај јавно изречената благодарност, ќе им додели и благодарници. За таа цел го задолжуваме ОШ за заштита и спасување да изготви листа на сите вклучени субјекти кои ке добијат вакви благодарници, како еден симболичен израз на благодарност за нивниот несебичен ангажман;
- Овие заклучоци да се достават до општинскиот штаб за заштита и спасување, како и до медиумите со апел до сите граѓани максимално да ги почитуваат пропишаните заштитни мерки со цел нивна лична, но и колективна заштита.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2708/1
10 јуни 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.